Прехранбена индустрија
„ВИТАМИНКА" А.Д.
Бр. 02-653/24
Прилеп, 26.04.2023 год.

# ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПРАВО НА УВИД ВО АКТИ И ДРУГИ ДОКУМЕНТИ НА АКЦИОНЕР НА ДРУШТВОТО

I. Друштвото во целост се придржува кон обврските за почитување на правото на информирање, наметнати со Законот за трговските друштва и Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза, а особено со член 320 од ЗТД и тоа:

- **На секој акционер му обезбедува право на увид во актите и другите документи на друштвото во седиштето на друштвото, на начин определен во статутот и тоа најмалку на:**

  1) статутот и другите акти, како и сите нивни измени и дополнувања, заедно со пречистените текстови;
  2) записниците и сите други документи од сите собранија на акционерите;
  3) записниците и одлуките од состаноците на органот на управување;
  4) годишните сметки и финансиските извештаи коишто треба да се чуваат според закон;
  5) прилози (исправи и докази) коишто се поднесени до трговскиот регистар;
  6) сите јавни повици и проспекти за издавање акции и други хартии од вредност на друштвото;
  7) целокупната писмена кореспонденција на друштвото со неговите акционери;
  8) ажурирана листа со имиња и презимиња и адреси на сите избрани членови на органот на управување;
  9) документите за залог и хипотека;
  10) извештајот на овластениот ревизор и извештајот на овластениот проценител;
  11) гласачките ливчиња и полномоштвата за учество на собранието во оригинал или копија;
  12) колективниот договор на ниво на друштвото;
  13) целокупната документација поврзана со одобрувањето на зделки со заинтересирана страна;
  14) други акти и документи предвидени со закон и со статутот.

- **Секој акционер има право, на негово барање, да му се овозможи увид во сите податоци запишани во акционерската книга на Друштвото. Копија од барањето за увид се поднесува до Друштвото. Увидот го овозможува Централниот депозитар за хартии од вредност, кај кого се наоѓа акционерската книга. Податоците од увидот можат да бидат употребени само за остварување на правата на акционерот од акција.**

- **Правото на информирање за записниците и одлуките од состаноците на органот на управување акционерите го остваруваат преку неизвршните членови на одборот на директори.**

- **Барањето за увид се поднесува до Друштвото во рок од три дена пред денот на бараниот увид. Друштвото може да бара акционерот да ги плати трошоците за бараните копии, коишто не можат да бидат повисоки од стварните трошоци. Во договор со**

**претставникот од друштвото, документите можат да бидат доставени и по електронска пошта или друг сигурен начин на достава.**

- **Акционерот увидот на актите и документите може да го бара со писмено барање доставено до Друштвото преку:**
  1) Одборот на директори и
  2) Лицето кое што ги чува, задолжено со одлука на Одборот на директори.

- **Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен на акционерите, само ако остварува пред надлежен орган некое право определено со Закон, Статут и со друг акт на Друштвото или ако тие веќе не се јавно објавени.**

- За вршење увид во актите и другите документи, акционерот може да ополномошти полномошник, кој е должен уредно да се легитимира пред друштвото.

- Во согласност со закон и интерните акти на друштвото, друштвото може да одбие да достави на увид определен документ, кој е заштитен со одреден степен на тајност, доколку оцени дека со ставањето на увид на предметниот документ може да се наштети на општите интереси на друштвото, да се загрози неговата конкурентска позиција или статус. Доколку друштвото оцени дека документот со степен на тајност може да се достави на увид, одговорното лице, пред моментот на ставање на увид на актот, има обврска да ги предупреди акционерите кои вршат увид во актот кој е прогласен за деловна тајна на друштвото, за обврската што ја имаат да ги чуваат сознанијата од актот како деловна тајна. Како деловна тајна не се сметаат документите за кои друштвото е обврзано да ги достави на увид со закон или акт на надлежен орган.

II. Со оваа постапка на никаков начин не се ограничуваат правата што за акционерите произлегуваат од Законот за трговските друштва, Статутот на друштвото и другите акти.

Прилеп, 26.04.2023 година

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ
Претседател
Дипл.инг. Симон Наумоски